# THE GREAT RETURN OF RELIGION TO THE 21 ST CENTURY

**Ilhan Eminov**
Skopje, Republic of N. Macedonia, eminovilhan@gmail.com

**Abstract:** Religion is a cultural system of designated behaviors and practices, morals, worldviews, texts, sanctified places, prophecies, ethics or organizations, that relates humanity to supernatural transcendental , or spiritual elements. However, there is no scholary consensus over what precisely constitutes a religion. In this moment there are an estimated 10 000 distinct religions worldwide but about 84% of the world's population is affiliated whit one of the five largest religion groups namely Christianity, Islam, Hinduism, Buddhism or form of folk religion. In the 21 st century we are witnessing the great return of religion especially in the Balkans.
**Keywords:** Religion, Western Balkans, Huntington, clah of civilizations

# ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА ВО 21$^{ВИ}$ ВЕК

**Илхан Еминов**
Скопје, Република С. Македонија, eminovilhan@gmail.com

**Резиме:** Религијата е културен систем кој го означува однесувањето и праlтиката, моралните вредности, погледи на светот, свети места, профети, етики и организации, кои ги стваат во релации човештвото со надприродното и трансцеденталното или спритуалните елементи.Како и да е ние неможеме да имаме еден школски пристап кон оваа материја и нејзино прецозно утврдување бидејки во овој момент во светот постојат над 10 000 разновидни религии но дури 84% од светската популација се сврзани и распоредени во пет големи религии: Христијанство, Ислам, Хиндуизам, Будизам и разни дорми на фолклорна религија. Во 21 век сведоци сме на големото враќање на религијата особено на Балканот.
**Клучни зборови:** религија, Западен Балкан

## ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ

Историски набљудувано, религиите се поимаат како еден поредок, во чии рамки таа препорачува што терба да се прави а што не треба да се прави, во што треба да се верува а во што не. Тие се појавуваат паралелно со религиозните партии насекаде во Европа на 16-от век и се во заемни крвави судири, особено помеѓу католиците и протестантите.( Pierre Gisel/Jean-Marc Tetaz(2006)-"*Theories de la religion*,Geneve, Labor et Fidel, str.12,ISBN 2-8309-105-6). Историјата како да си поигра со судбината на православјето и католицизмот. Додека со падот на Константинопол во 13 век и продорот на Отоманската империја на Балканот, Православието доживеа целосен колапс, со појавата на Реформата и протестантизмот, тежок удар доживеа и католицизмот. Благодарение на Цицерон, Августин или Тома Аквински, религијата би можела да се свати како една хумана определба, со цел да се запознае една надприродна сила, да наметне еден соодветен култ и да бара да се реагира согласно законите. Меѓу 12 и 14 век, текстовите во кои јудаизмот, христијанизмот и исламот се изедначени како еквивалентни, не споменуваат "религии" туку зборуваат за три "вери" според Рајмон Луле ( Raymond Lulle) односно три" закони" според Boccace.

Што се однесува до религијата, идејата за неа се сведувала, на фактот дека таа е единствена, дека таа е пречуствителна кон грешките наречени "ереси", или е неопзната и во тој случај таа се сведува на паганизам. Според латинскиот автор Цицерон, религијата произлегува од зборчето <u>religio</u>, инаку латински израз кој значи <u>скрупула.</u> Израз се однесува на оние кои скрупулозно ги собираат нештата кои се однесуваат на култовите на боговите. Но логично е да се размислува дека изразот религија произлегува од латинскиот глагол <u>religare</u> што значи <u>сврзување.</u>(Jacquelin Vallon(2015)- *Le livre des religions* str.14

Содржината на изразот "религија" почнува да се менува од почетокот на 16 век, кога Европа почнува да станува свесна за плурализмот на религиите. Од една страна, Европјаните го запозанваат Исламот како една "друга религија" односно од хирстијански аспект набљудуван како вид "ерес" или "паганизам". Од друга страна било потребно да се осмисли еден друг изараз за да се означат мноштвото вери и цркви кои произлеглеод религиските реформи од 16 век. Од тогаш, религијата се набљудува како "збир на практикувања и ерувања на една заедница". Во Енциклопедијата на Diderot и d'Alambert, а во 1912 и од страна Емил Диркејм се посатвуваат првите дефиниции за религијата.( Emile Durkheim,(1912) *Les forms elementaires de la vie religieuse)*

Модерните размислувања за религијата кои ги инаугурира подоцна филозофијата на Просветителството и кои продолжуваат да се инкорпорираат во науките за религијата, претпоставува дека постои една "заедничка есенција на сите религии во светото".

## РАЗВИТОК НА СОВРЕМЕНИТЕ ИДЕЈИ ЗА РЕЛИГИЈАТА

Новиот начин на гледање врз феноменот на религијата се фокусира врз се што означува поредок во религијата, нејзините заеднички карактеристики кои се наметнуваат како услов за да нешто биде признанено како религија. "Признаените религии" се оние како "лутеранизмот", "калвинизмот", "анабаптизмот", "католицизмот", "православието", "исламот" кои воедно одгпвараат на одредени доктрини.

Појавата на религиите го придружуваше и афирмирањето на концептот на државата-нација во Европа. Овој процес предизвика бројни судири од религиозна природа како војни на религиите.

Со војните на религиите, идејата на толеранцијата почна да игра една значајна улога во размислувањата околу религијата. Се работело за еден неповолен процес кој ги загрозувал монополите на верските институции а тоа е "диверзификацијата на религиите". Потоа превладува се повеке идејата за "толеранцијата" благодарение на интелектуалците од 18-век, инаку една вредност која се спротиставува на претензијата кон вистината и догматизмот во доменот на религијата.

Во 17 –от и 18-от век се развива филозофијата на религијата која го става местото на диверзификацијата на религиите наспроти универзалнизмот. Според Urlich Bart, "во епохата одбележена со исуството на конфесионалниот плурализам како и со поинтензивната афирмација на итер-културниот плурализам, се работи да се оправда содржината на религиите кои историски биле оправдани.( Urlich Bart-"Qu'est-ce que la relgion" in Pierre Gisel et Jean Marc Tetaz(dir),*Theorise de la religion*,Geneve, Labor et Fides,2002, str.82-ISBN-2-8309-1051-6).

Филозофијата за религијата зазема значајно место во делата на Џон Лок (John Locke), Давид Хјум(David Hume) во Англија, Волтер (Voltaire), Дидро (Diderot) или Русо (Rousseau) во Франција, Кант (Kant) , Шлеиермахер ( Schleiermacher), Фихте (Fichte) , Јакоби (Jacobi), Хегел (Hegel) во Германија и тн. Рефлексиите кои се развиваат меѓу интелектуалната елите на тогашна Европа, теоретското третирање на религиите во епохата на Просветитетлстводт, има за продукт една суштинска есенција на религијата, која се претвара во сопствена тема на размислување.

Во 19-от век се развива една екстремно непријателска мисла кон религијата во делата на Маркс (Marx), Ниче (Nitzsche) и останатите, но воедно во овој период се наметнуваат општествените науки, особено социологијата која ке придонесе во размислувањата околу религијата која станува предмет на нејзиното истражување. На тој начин во делата на Прудон (Proudhon) или Огист Конт (Auguste Comte), религијата како предмет на научните истражувања според чие мислење, "дека секое рационално или позитивистичко мислење би ја уништило.

По нив, но во една поинаква перспектива, Емил Дуркхеим (Emile Durkheim), Макс Вебер (Max Weber), Жорж Симел (George Simmel) или Ернс Троелтч (Ernst Troeltsch) кои се сметаат да татковци основачи на социлогијата, посветиле бројни дела на анализата на анализата на религијата, поставувајки ги принципите на студијата која се движи меѓу неутралниот до критичкиот третман на религијата.Во 20-от век, беа развиени разновидни пристапи во рамките на социологијата, антропологијата, психологијата и особено историјата.

Денес, во науките за религијата , се наметнува прашањето на начинот на кој религијата беше конституирана како предмет на истражувањето. (Michel Despland, L' emergence des sciences de la regligion. La Monarchie de Juillet : un moment fondateur,coll. Religion et sciences humaines. Montreal et Paris, l'Harmattan, 596 str.1999)

Изгледа дека ниту една дефиниција не одговара на темите кои биле истражувани посветени на религијата и се што овозможува нешто да се нарекува религија.(Regine Azria,(2010) "*Avant-propos*" du Dictionaire des faites religieux, in Regine Azria et Daniele Hervieu-Leger /dir/,Paris, PUF, Quadrige Dicos poche, str. VII)

## ПОВРАТОКОТ НА РЕЛИГИЈАТА – ОДГОВОР НА ДУХОТ НА ВРЕМЕТО

За да го сватиме светот денес, потребно е човекот како егзистенцијално суштетсво, и човештината како што ние ја поимаме, да одоговори на неколку прашања: зошто ние постоиме? Дали можеме да ги објасниме сите мистерии кои ни ги наметнуваат Библијата, Коранот, Талмудот или некое друга верска азбука? Дали животот наш е доволно долг за да ги објасниме сите дилеми и тајни на религијата? Дали треба да се има страв? По меѓуверските војни ширум светот, по балканските судири, атентатите од 11 Септември, атентатите на џихадистите ширум Западна Европа, но и во Русија, појавата на движењето Исламска држава, геноцидот врз муслиманите во Бирманија или Дагестан, само по себе се наметнува прашањето за сигурноста на луѓето кои им припаѓаат на разни религии и вери. Нема сомнежи дека религијата ги поремети

геостратешките податоци и логики пред се под притисок на *геоекономските влогови* околу кои се конфронтираат големите сили. Најчесто да се работи за изворите на земен гас, или фосилните богатства каде воглавно живеат муслимани. Според тоа влијанието на религијата произлегува од таквата состојба во расподелбата на фосилните богатства помеѓу народите.

Затоа може да се констатира дека исламскиот свет е покренат независно од неговата волја во преден план на светската меѓунраодна сцена. Но дали можеме да го поставиме проблемот на религијата само врз основа на геостратешките влогови кои се играат помеѓу големите сили? Што станува со кризата на идентитетот и на Исток и на Запад? Повеке прашања и дилеми ни се наметнуваат за кои би требало да се погрижиме и побараме објаснувања. Постојат значајни суштински елементи кои го допираат едно егзистенцијално прашање: кој човек можеме да го сметаме за религиозен?

Одговорот на ова прашање не треба да се движи во класичното значење на зборот бидејки одговорот би бил недоволен и непрецизен со оглед на промените и настаните во овој домен во последните половина век. ( Medjdoub Hamed,(2014) www.sens-du-monde.com *-Pouquoi le Retour du Religieux est une Reponse au "Necessite" du Temps?* 149581, Economie mondiale , Relations internationals et Perspective, 03.08.2014, str.1-5)

**ГОЛЕМОТО ВРАЌАЊЕ НА РЕЛИГИЈАТА-ИСТОРИСКА ПОТРЕБА ИЛИ ПРАШАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ ?**

Кон средината на 70-тите години на минатиот век, се манифестира еден значаен религиозен сектор на процвет на религиозните школи, креационистички теории и интегризам во сите насоки кон кои треба да се придодаде и исламскиот интегризам. Во суштина целиот овој религиозен тренд во светот е сврзан со еволуцијата на светот која го проследи јакнењето на Европската Унија и ослободувањето на земјите од Третиот свет. Вистонскиот фактор кој ги активира работите околу религијата беше економската криза од почетокот на 70-тите години. Политичкиот ислам се наметнува како дериват на економската криза и влоговите кои го делеа светот меѓу Истокот и Западот. Арабско-муслиманскиот свет, играше еден вид улога на џокер во планетарните стратегии на големите сили. (A.R. Ghandour,(2002) Jihad humanitaire, *Enquetes sur les ONG islamiques*, Paris : Flammarionm,.Економската криза ја почусвуваа сите држави, било да се работи за земјите на Западна Европа било за земјите на Третиот свет. Во таквиот контекст можеше да се констатита дека разните националистички, социјалистички, социјал-демократски идеологии не беа носители на некоја голем идеја или излез од оваа состојба. Напротив тие го загубоја кредибилитетот од минатото кога се соочија со новиот феномен "глобализацијата". Сиромашните работни маси и средните класи не умееа да се пронајдат во новиот економски поредок на светот.

Од своја страна и мултинационализацијата целосно ги промени правилата како репери на социо-политичките димензии, а државите-нации се најдоа пред неизбежни драконски улсови наметнати од страна на мултинационалните компании. Ниту една држава не успеа да се извлече од гигантските мултинационални компании. Западот почна да ги губи своите фабрики и компании а во неразвиеиот свет почна се повеке да се шири теоријата за новиот колонијализам. Цените почнаа вртоглаво да растат, бедата и сиромаштијата однесоа голем број жртви особено во земјите на Третиот свет.

Оваа епоха беше одбележана со настанокот на поголем број *каритативни* органзизации кои се обидоа да ја компензираат немоќта на социјалната држава, односно на "слабите" држави кои немаа доволно средства да се соочат со сиромаштијата на народите. (Gilles Kepel(1991)-La Revanche de Dieu.*Chretiens, juifs et musulmans a la reconquete du monde,*Paris :Seuil, str. 16).

Новата светска парадигма овозможи цели групи народи кои се почуствуваа како *реални бегалци* од монополот на мултинационалните компании, капиталот и сиромаштијата, да бидат привлечени од страна на религијата. Сиромашни, средно богати па дури и најбогаи луѓе, интелектуалци, професори, и луѓе од најразновидни бранши беа оривлечени од религијата и религиозното. Затоа може да се констатира дека *враќањето кон религијата не се појави како резултат ex nihilo туку како своевидна "потреба" на времето во кое се живеело, и кое допрело до мнозинството луѓе во светот.* (Jean- Francois Dortier/Laurent Testot-"Le retour du religieux, un phenomene mondial »www. scienceshumaines.com/Le-retour-du-religieux-un-phenomene-mondial,fr, mensuel N 160,Mai 2008, Les religions face a la modernite')(21) Опишаната еволуција на економската криза не е единствениот фактор на порастот на значењето на религијата.Во Европа дојде до поголемо мешање на народите и религиите како резултат на светските војни и колонијализмот. Под влијание на таквата акултурација ослабе државата-нација во Европа и светот, а државните институции повеке не се во состојба да ја обезбедат фунционалноста во националната еконоска сигурност. Овој феномен ја ослабе националната кохезија и придонесе во кризата на идентитетот насекаде во Европа. Денес, може да се каже дека светот се сменил а таквата состојба потсеќа на состпјбата од периодот по војната од 1929 кога

германскиот национал-социјализам и италијанскиот фашизам ги пореметија стратешките состојби во светот.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Bart U., (2002)-“*Qu’est-ce que la relgion*” in Pierre Gisel et Jean Marc Tetaz(dir),Theorise de la religion,Geneve, Labor et Fides, str.82-ISBN-2-8309-1051-6
Bart U., (2002)-“*Qu’est-ce que la relgion*” in Pierre Gisel et Jean Marc Tetaz(dir),Theorise de la religion,Geneve, Labor et Fides, str.82-ISBN-2-8309-1051-6).стр.17
Bart U., (2002)“*Qu’est-ce que la relgion*” in Pierre Gisel et Jean Marc Tetaz(dir),*Theorise de la religion*,Geneve, Labor et Fides, str.82-ISBN-2-8309-1051-6).стр.17
Doespland M., (1999) *L’ emergence des sciences de la regligion. La Monarchie de Juillet : un moment fondateur*,coll. Religion et sciences humaines. Montreal et Paris, l’Harmattan, 596 , стр.18
Doespland M., (1999)*L’ emergence des sciences de la regligion. La Monarchie de Juillet : un moment fondateur*,coll. Religion et sciences humaines. Montreal et Paris, l’Harmattan, 596 str.1999
Doespland M.,(1999) *L’ emergence des sciences de la regligion*. La Monarchie de Juillet : un moment fondateur,coll. Religion et sciences humaines. Mntreal et Paris, l’Harmattan, 596 стр.18
Dortier J.F., Testot L., (2008)-“*Le retour du religieux, un phenomene mondial* »www. scienceshumaines.com/Le-retour-du-religieux-un-phenomene-mondial,fr, mensuel N 160,Mai 2008, Les religions face a la modernite’) стр.20
Durkheim E., (1912), *Les forms elementaires de la vie religieuse*
Gisel P., Tetaz J. M., (2006)“*Theories de la religion*,Geneve, Labor et Fidel, str.12,ISBN 2-8309-105-6
Gisel P., Tetaz J. M., 2006)“*Theories de la religion*,Geneve, Labor et Fidel, str.12,ISBN 2-8309-105-6).стр.15
Hamed M.,(2014) www.sens-du-monde.com -*Pouquoi le Retour du Religieux est une Reponse au “Necessite” du Temps?* 149581, Economie mondiale , Relations internationals et Perspective, 03.08.2014, str.1-5) стр.19
Ghandour, A.R., (2002) *Jihad humanitaire, Enquetes sur les ONG islamiques*, Paris : Flammarionm.стр.19
Kepel G., (1991)*La Revanche de Dieu.Chretiens, juifs et musulmans a la reconquete du monde,*Paris :Seuil, str. 16)стр.20
Pavicevic V., (1964), *Sociologija religije*.str.22). стр.15
Vallon J., (2015)- *Le livre des religions* str.14